Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.“бр.05/02) и член 32 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на општината Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ПОВРЕМЕНА КОМИСИЈА ЗА ТУРИЗАМ НА ОПШТИНА БИТОЛА

**1.** Повремената комисија за туризам во општина Битола ќе разгледува прашања и утврдува предлози од областа на туризмот на подрачјето на општина Битола.

**2.** Комисијата ќе ја сочинуваат 9 членови и тоа: 5 членови од Советот на Општина Битола, 1 член од општинската администрација и **3 членови кои ќе бидат избрани преку Јавен повик.**

**3.**Право да предлагаат кандидати за членови во повремената Комисија за туризам имаат:

- регистрирани здруженија на туристички агенции на подрачјето на општина Битола,
- регистрирани здруженија на угостителство и туризам на подрачјето на општина Битола,
- Асоцијација на архитекти на РСМ – подружница Битола.

**4.**Кандидатите за членови во повремената Комисија за туризам треба да ги исполнуваат следните услови:

**-да имаат живеалиште на подрачјето на општина Битола,**
**-да бидат предложени како кандидати за членови од овластените субјекти од точка 3 на овој повик.**

**5.**Кандидатите за членови треба да ја поднесат следната документација како доказ за исполнување на условите од точка 4:

-Копија од лична карта или патна исправа,
-Кратка биографија (CV),
-Писмен предлог од организацијата која го предлага, потпишан од овластеното лице на истата и заверен со печат,

**6.**Рокот за доставување на предлозите за кандидати е 5 работни дена од денот на објавувањето на овој јавен повик , сметајќи го и денот на самото објавување, односно почнувајќи од 17.01.2022 година, заклучно до 24.01.2022 година

**6.**Документацијата од точка 5 се поднесува на следната адреса:

**-Совет на општина Битола – Комисија за мандатни прашања, избори и именувања- Ул.Булевар ,,1-ви Мај“ Битола – со назнака ,,ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ПОВРЕМЕНА КОМИСИЈА ЗА ТУРИЗАМ НА ОПШТИНА БИТОЛА“.**

Бр. 09-14/1
17.01.2022год .

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општината Битола
Габриела Илиевска